**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2020/1176 НА КОМИСИЈАТА**

**од 7 август 2020 година**

**за измена и дополнување на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2019/1387 за одложување на датумите за примена на одредени мерки во рамките на пандемијата од COVID-19**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската унија за безбедност во воздухопловството, и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91([1]) на Советот, и особено член 31 од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Мерките што се воведени за сузбивање на пандемијата од COVID - 19 сериозно ја попречуваат способноста на земјите-членки и на воздухопловната индустрија да се подготват за спроведување на големиот број неодамна усвоени регулативи за спроведување во областа на воздухопловната безбедност.

(2) Изолацијата и промените на работните услови како и достапноста на персоналот, во комбинација со дополнителниот обем на работа потребен за справување со значителните негативни последици од пандемијата од COVID – 19, на сите засегнати страни, им отежнува при подготовката за примена на овие регулативи за спроведување.

(3) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2019/1387([2]) ги постави новите стандарди за пресметување на перформансот на воздухопловот при слетување, кои се применуваат од 5 ноември 2020 година. Со цел да се избегне примената на овие стандарди, кои подразбираат дополнителни оперативни барања кои доведуваат до попречување на постепеното воспоставување на летови, во рамките на закрепнување од пандемијата од COVID - 19, нивната примена треба да се одложи, за да им се овозможи на надлежните власти и засегнатите страни да се подготват за нивната примена.

(4) Агенцијата на Европската унија за воздухопловна безбедност ѝ потврди на Комисијата дека одложувањето на примената на одредбите од рецитал 3 е можно за ограничен период без негативно да влијае врз воздухопловната безбедноста, бидејќи овие правила содржат

([1]) Сл. весник. L 212, 22.8.2018 година, стр. 1.

([2]) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/1387 на Комисијата од 1 август 2019 година за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 во однос на условите за пресметување на перформансот на авионот при слетување и стандардите за проценка на состојбата на површината на полетно – слетната патека, како и за новините во однос на одредена опрема за безбедност на воздухопловот и за условите и операциите кои не поседуваат оперативно одобрение за операции со продолжен долет (Сл. весник. L 229, 05.09.2019 година, стр. 1.)

технички олеснувања за индустрија кои најдобро се применуваат при нормална работна средина.

(5) Со цел да се обезбеди олеснување од непосредниот притисок врз националните власти и сите засегнати страни за време на пандемијата од COVID - 19 и да им се овозможи да ги приспособат своите планови за одложена примена на односните одредби, оваа регулатива треба да влезе во сила наредниот ден од нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија.*

(6) Мерките предвидени со оваа регулатива се во согласност со мислењето на комитетот воспоставен со член 127 од Регулативата (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Во третиот став од член 2 од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2019/1387, „5 ноември 2020 година“ се заменува со „12 август 2021 година“.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 7 август 2020 година

За Комисијата

Претседател

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН

-----------